# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 11, година L**
**Понеделник, 8.07.2019**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Ја објавувам Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/1
08.07.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96…….. и 35/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 I 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализција на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација ќе се врши со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр.24/19).

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи за потребите на Општината Битола – канализациони објекти ќе се врши согласно Ценовник донесен од Управниот Одбор на КЈП „Нискоградба“ – Битола по претходно добиена согласност од основачот на Јавното претпријатие – Советот на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во Ценовникот може да дојде со согласност на КЈП „Нискоградба“ – Битола и Општина Битола во случај да има зголемување на цените на индустриските производи повеќе од 5 % најмногу до објавениот процент од Заводот за статистика.

Намалување на цените од Ценовникот ќе се врши со веродостојни докази – ценовници на производители или трговци со материјали наведени во ценовникот.

Процентот на учество на материјалите во вкупната цена на чинење на поединечни позиции ќе се утврдува со пресметка за учество на зависните трошоци во вкупно утврдената цена во ценовникот.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со бр. 07-10/27 од 30.05.2014 година, донесена од Советот на Општина Битола.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН

1. Ја објавувам Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 17/08), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96........35/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализција на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за крпење на улици и патишта со асфалт ќе се врши со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр.24/19).

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи за потребите на Општината Битола – за крпење на улици и патишта со асфалт ќе се врши согласно Ценовник донесен од

Управниот Одбор на КЈП „Нискоградба“ – Битола по претходно добиена согласност од основачот на Јавното претпријатие – Советот на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во Ценовникот може да дојде со согласност на КЈП „Нискоградба“ – Битола и Општина Битола во случај да има зголемување на цените на индустриските производи повеќе од 5 % најмногу до објавениот процент од Заводот за статистика.

Намалување на цените од Ценовникот ќе се врши со веродостојни докази – ценовници на производители или трговци со материјали наведени во ценовникот.

Процентот на учество на материјалите во вкупната цена на чинење на поединечни позиции ќе се утврдува со пресметка за учество на зависните трошоци во вкупно утврдената цена во ценовникот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за склучување договори на Општината Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН

1. Ја објавувам Одлуката за склучување договори на Општината Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 17/08), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96....... и 35/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за склучување договори на Општината Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН

**Член 1**

Со Оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општината Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализација на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (Вертикална сигнализација) ќе

се врши со примена на член 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 24/19).

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи за потребите на Општината Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) ќе се врши согласно Ценовник донесен од Управниот Одбор на КЈП „Нискоградба“ – Битола по претходно добиена согласност од основачот на Јавното претпријатие – Советот на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во Ценовникот може да дојде со согласност на КЈП „Нискоградба“ – Битола и Општина Битола во случај да има зголемување на цените на индустриските производи повеќе од 5 % најмногу до објавениот процент од Заводот за статистика.

Намалување на цените од Ценовникот ќе се врши со веродостојни докази – ценовници на производители или трговци со материјали наведени во ценовникот.

Процентот на учество на материјалите во вкупната цена на чинење на поединечни позиции ќе се утврдува со пресметка за учество на зависните трошоци во вкупно утврдената цена во ценовникот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за организирање и функционирање на зимска служба со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Ја објавувам Одлуката за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за организирање и функционирање на зимска служба со примена на член 24 од ЗЈН, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 17/08), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96...... и 41/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за склучување договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за организирање и функционирање на зимска служба со примена на член 24 од ЗЈН**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ – Битола за реали-

зција на Програмата донесена од Советот на Општината Битола за организирање и функционирање на зимска служба ќе се врши со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр.24/19).

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи за потребите на Општината Битола – за организирање и функционирање на зимска служба ќе се врши согласно Ценовник донесен од Управниот Одбор на КЈП „Нискоградба“ – Битола по претходно добиена согласност од основачот на Јавното претпријатие – Советот на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во Ценовникот може да дојде со согласност на КЈП „Нискоградба“ – Битола и Општина Битола во случај да има зголемување на цените на индустриските производи повеќе од 5 % најмногу до објавениот процент од Заводот за статистика.

Намалување на цените од Ценовникот ќе се врши со веродостојни докази – ценовници на производители или трговци со материјали наведени во ценовникот.

Процентот на учество на материјалите во вкупната цена на чинење на поединечни позиции ќе се утврдува со пресметка за учество на зависните трошоци во вкупно утврдената цена во Ценовникот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за склучување договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ - Битола со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр. 24/19)

1. Ја објавувам Одлуката за склучување договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ – Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ – Битола со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр. 24/19), донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 17/08), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96....... и 35/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за склучување договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ - Битола со примена на член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр. 24/19)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ – Битола за реализација на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржувањеи користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ – Битола со примена на член 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 24/19)

**Член 2**

Изведување на работи за потребите на Општина Битола – снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителен систем на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ – Битола, ќе се врши согласно Ценовник донесен од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ – Битола по претходно добиена согласност од основачот на Јавното претпријатие – Советот на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во Ценовникот може да дојде во согласност на ЈКП „Водовод“ – Битола и Општината Битола, во случај да има зголемување на цените на индустриските производи повеќе од 5% најмногу до објавениот процент од Заводот за статистика.

Намалување на цените од Ценовникот ќе се врши со веродостојни докази – ценовници на производители или трговци со материјали наведени во ценовникот.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со бр.07-13/3 од 10.06.2014 година, донесена од Советот на Општина Битола.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за склучување на Договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, ЈПЗУППИ, Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈПЗУППИодносно Урбанистичко планирање (како примарна дејност), Проектирање, Инженеринг, Надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 од 01.02.2019год.)

1. Ја објавувам Одлуката за склучување на Договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, ЈПЗУППИ, Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за извршување на услуги од

страна на ЈПЗУППИ односно Урбанистичко планирање (како примарна дејност), Проектирање, Инженеринг, Надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 од 01.02.2019год.), донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 од Законот за Јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96........ и 35/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година донесе

## О Д Л У К А
## за склучување на Договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, ЈПЗУППИ, Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈПЗУППИодносно Урбанистичко планирање (како примарна дејност), Проектирање, Инженеринг, Надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 од 01.02.2019год.)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека склучувањето на договори на Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, ЈПЗУППИ, Битола за реализирање на програмата на Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна ЈПЗУППИ односно Урбанистичко планирање (како примарна дејност), Проектирање, Инженеринг, Надзор, и други технички услуги, ќе се врши со примена на Член 24 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 од 01.02.2019 год.)

**Член 2**

Извршувањето на услуги од страна ЈПЗУППИ односно Урбанистичко планирање (како примарна дејност), Проектирање, Инженеринг, Надзор, и други технички услуги за потребите на Општина Битола, ќе се врши согласно Ценовникот за Урбанистичко планирање, Проектирање, Инженеринг, Надзор и други технички услуги на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, ЈПЗУППИ, Битола за потребите на Општина Битола кој е донесен од Управниот одбор на ЈПЗУППИ и по претходно донесена одлука од Основачот на ЈПЗУППИ – Совет на Општина Битола.

**Член 3**

До промени во ценовникот може да дојде ако се јави потреба од нови проектни и плански задачи кои како ставка не постојат во ценовникот на ЈПЗУППИ или при промена на ценовникот на проектантски услуги на иво на Комора на архитекти и инженери на Република Македонија

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за искористување на средствата од Грантот за под-заем на МСИП и кофинансирање (учество) на Општина Битола со цел аплицирање за подпроектот „Изградба на 5 улици во населено место Долно Оризари и набавка на трактор**

со дополнителна опрема за потребите на ЈП „Комуналец“ – Битола

1. Ја објавувам Одлуката за искористување на средствата од Грантот за под-заем на МСИП и кофинансирање (учество) на Општина Битола со цел аплицирање за подпроектот „Изградба на 5 улици во населено место Долно Оризари и набавка на трактор со дополнителна опрема за потребите на ЈП „Комуналец“ – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), а во врска со добивање на Грантот за успешност на МСИП проектот „Изградба на седум улици со тротоари, водовод, атмосверска канализација и улично осветлување во поранешната воена област АРМ1 и АРМ2 , Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за искористување на средствата од Грантот за под-заем на МСИП и кофинансирање (учество) на Општина Битола со цел аплицирање за подпроектот „Изградба на 5 улици во населено место Долно Оризари и набавка на трактор со дополнителна опрема за потребите на ЈП „Комуналец“ - Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола се обврзува средствата добиени од Грантот за успешност од под-заем на МСИП проектот во вредност од 7.022.530,00 денари кој претставува 85,19% од вкупната вредност за реализација, да ги искористи за изградба на 5 улици во населено место Долно Оризари и набавка на трактор со дополнителна опрема за потребите на ЈП Комуналец – Битола.

**Член 2**

Општина Битола се обврзува за кофинансирање (учество) со цел целосна реализација на проектот со вредност од 1.221.203,00 денари или 14,81% од вкупната вредност за реализација на проектот.

Вкупната вредност за реализација на проектот „Изградба на 5 улици во населено место Долно Оризари и набавка на трактор со дополнителна опрема за потребите на ЈП Комуналец Битола изнесува 8.243.733,00 денари.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина на 279.378,00 ден на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 ден на Општина Битола од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку**

**Пелагониски плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари-Општина Битола“ и проект „Означување на културни и природни знаменитости во подпелистерските села во Општина Битола“**

1. Ја објавувам Одлуката за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина на 279.378,00 ден на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 ден на Општина Битола од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагониски плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари-Општина Битола“ и проект „Означување на културни и природни знаменитости во подпелистерските села во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/8
08.07.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со поднесеното барање на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион до Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој бр.16-2757/1 од 31.08.2018 г. доставено врз база на одлуките донесени на 9-та седница на Пелагонискиот плански регион одржана на 22.08.2019 г. и барање на општина Битола бр.40-129 од 29.08.2018 до Пелагонискиот плански регион, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
**за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина на 279.378,00 ден на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 ден на Општина Битола од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагониски плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари-Општина Битола“ и проект „Означување на културни и природни знаменитости во подпелистерските села во Општина Битола“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола се обврзува да кофинансира (учествува) со исплата на средства во висина на 279.378,00 ден. на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 ден. на општина Битола од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагониски плански регион со Решение бр.16-106/2 од 06.05.2019 г. за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари-општина Битола„ и проект „ Означување на културни и природни знаменитости во подпелистерските села„ во општина Битола.

Останатите средства за реализација на проектите ќе бидат покриени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагониски плански регион.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-89/10
04.07.2019 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-523/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 21, член 24 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 1 и член 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12 , 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 ), член 18 став 1 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05 и 17/08),Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола бр. 09-49/6 од 23.04.2019 год., со тоа што во Член 4 износот „350.000,00 денари", се заменува со износот „4.350.000,00 денари".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-89/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојувањеПрограмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (ЈППЈЛП Битола) за 2019 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (ЈППЈЛП Битола) за 2019 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-523/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (ЈППЈЛП Битола) за 2019 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (ЈППЈЛП Битола) за 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-89/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год.

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год., донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год.

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа бр.02-190/4 од 26.06.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-89/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Решението за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год.**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год., донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 год.**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ - Битола бр.01-25/1 од 29.01.2014 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа бр.02-190/3 од 26.06.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-89/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плати на директорот и давателите на јавни услуги вработи во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2019 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плати на директорот и давателите на јавни услуги вработи во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2019 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плати на директорот и давателите на јавни услуги вработи во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2019 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плати на директорот и давателите на јавни услуги вработи во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2019 година бр. 02-190/5 од 26.06.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-89/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца за 2019 година во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца за 2019 година во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 04.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-523/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
08.07.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.38/96...64/18), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца за 2019 година во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца за 2019 година во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола бр. 02-145/3 од 24.06.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-89/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

